ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД
Бр.0202-9697
06.07.2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 32 од Законот за преземање на акционерските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.69/13, 188/13, 166/14, 154/15 и 23/16) Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје, го објавува следното

# МИСЛЕЊЕ

во однос на понудата за преземање дадена од страна на Триглав ИНТ, холдиншка дружба д.д. (Triglav INT, holdinška družba, d.d.) објавена на ден 04.07.2017 година во дневниот весник Слободен печат за преземање на 16.020 обични акции издадени од Триглав Осигурување АД, Скопје.

1. **Став на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје за влијанието од спроведување на понудата врз интересите на Триглав Осигурување АД, Скопје (Целно друштво), а особено на вработените, како и за стратешките планови на Триглав ИНТ, холдиншка дружба д.д. (Преземач) за Триглав Осигурување АД, Скопје:**

Врз основа на информациите содржани во објавениот проспект и понудата за преземање на 16.020 обични акции издадени од Триглав Осигурување АД, Скопје, генерално мислење на Одборот на директори е дека доколку плановите и стратешките цели кои ги има наведено Триглав ИНТ, холдиншка дружба д.д. во проспектот во однос на идното работење на Триглав Осигурување АД, Скопје се реализираат, истото ќе допринесе за понатамошно подобрување на состојбата и работата на Друштвото.

Имено, доколку се реализираат плановите на Преземачот и се реализира сопственичка консолидација во Триглав Осигурување АД, Скопје и понатаму ќе се продолжи со активности кои се насочени кон задржување на водечката позиција на Друштво на пазарот на неживотни осигурувања во Република Македонија. Исто така, мислење на Одборот на директори е дека и понатаму ќе се продложи со спроведување на стратегија и политиките на Друштвото кои се темелат на создавање и одржување на атрактивни работни услови, кои на вработените им овозможуваат професионален развој и исполнување на своите кариерни цели следејќи ги стратешките цели на компанијата.

Врз основа на претходно наведеното, Одборот на директори смета дека во случај на успешно спроведување на понудата за преземање на 16.020 обични акции издадени од Триглав Осигурување АД, Скопје, Триглав ИНТ, холдиншка дружба д.д. ќе се потпре на постоечкиот менаџмент и квалификувана работна сила со која што располага Триглав Осигурување АД, Скопје со што по евентуалното преземање на акциите не би настанала промена во воспоставениот систем на корпоративно управување на Друштвото, ниту пак промени во политиката за вработување или на работниот и правниот статус на вработените во Триглав Осигурување АД, Скопје.

2. **Податоци за постоење на преговори во врска со понудата за преземање меѓу Триглав ИНТ, холдиншка дружба д.д. и Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје:**

Помеѓу Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје и Триглав ИНТ, холдиншка дружба д.д. не се водени преговори во врска со понудата за преземање на 16.020 обични акции.

3. **Начинот на кој Триглав ИНТ, холдиншка дружба д.д. го остварува правото на глас од хартиите кои се веќе во негова сопственост:**

Триглав ИНТ, холдиншка дружба д.д. е сопственик на 44.164 акции со право на глас од вкупно 60.184 издадени акции од страна на Триглав Осигурување АД, Скопје, односно е сопственик на 73,38% од вкупниот број на акции со право на глас. Како доминантен сопственик на акции Триглав ИНТ, холдиншка дружба д.д. преку свои овластени полномошници учествува на сите седници на Собранието на акционери на Друштвото и своето право на глас го остварува во согласност со позитивните законски прописи.

4. **Изјава дали членовите на органот на управување на целното друштво кои се иматели на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање имаат намера да ја прифатат или да ја отфрлат понудата за преземање и да приложат свое образложение:**

Членовите на Одборот на директори на Триглав Осигурување АД, Скопје не се иматели на хартии од вредност (акции) во Триглав Осигурување АД, Скопје.

5. **Образложени податоци за последниот ревидиран годишен извештај на Триглав Осигурување АД, Скопје со наведување на книговодствената вредност на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање:**

Заклучно со крајот на 2016 година, Триглав Осигурување АД, Скопјеоствари позитивен нето – резултат од 54.6 милиони денари, што претставува раст од 192% во однос на 2015 година. Позитивниот резултат е последица на растот на нето премијата од една, и малиот пад на ликвидираните штети (во најголем дел на штетите по основ на посеви и плодови – класа 09) од друга страна. Дополнително влијание имаа и зголемените нето финансиски приходи (оперативни камати, капитални добивки од продажба на обврзници и ослободувања од исправка).

Во тековниот период е реализиран вонреден настан, каде што Триглав изгуби судски спор во износ од 8.5 милиони МКД (4.9 милиони МКД за надомест на штета и судски трошоци, и 3.6 милиони МКД за затезни камати).

Во 2016 година беа продадени осум недвижнини, при тоа остварувајќи добивка од 1.7 милиони денари. На крајот на годината, Триглав изврши исправка на преостанатите недвижнини во негова сопственост, во износ од 1.3 милиони денари.

Средствата кои ги покриваат техничките резерви пораснаа на 1.444 милиони денари, односно ги надминуваат нето-техничките резерви за 321 милиони денари (индекс од 129).

Триглав Осигурување АД, Скопје го задржа првото место на пазарот на осигурување со учество од 17,88%

Капиталната адекватност на Друштвото изнесува 337%.

Триглав Осигурување АД Скопје во деловната 2016 година оствари бруто премија во износ од 1.328.138 илјади деанари. Во однос на истиот период претходната година, остварената бруто премија е порасната за 3%.

Друштвото заклучно со 31 декември 2016 година, во делот на бруто полисираната премија, на пазарот на неживотно осигурување во Република Македонија оствари учество од 17,88% или пад од 0,15 процентни поени. Со тоа, Триглав Осигурување АД, Скопје ја задржа водечката позиција на пазарот.

На ден 31.12.2016 година книговодствената вредност по една акција на Триглав Осигурување АД, Скопје изнесува 12.471,00 денари, односно вкупна книговодствена вредност од 199.785.420 денари за 16.020 обични акции на кои се однесува понудата за преземање.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
Тедо Дјекановиќ